Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл.в на РМ бр:53/2005 , 81/2005 , 24/2007 , 159/08 , 83/2009 , 48/2010 , 124/10 ,51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 44/15 , 129/15, 192/15 , 39/16 , 99/18 и Сл.в на РСМ 89/22 ), **Општина Струмица,** на ден **07.06.2022 година**, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на проектен опфат на КП 2885/1 и други КО Дабиле , согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање** со техн. бр. 03-97/2022 кој го донесува **Советот на Општина Струмица** согласно Програмата за изработување на урбанистички планови за 2022 година бр. 08-1445/1 од 28.02.2022 година и 08-404/1 од 21.01.2022 не е потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Струмица** на следната веб адреса/и: **www.strumica.gov.mk** .

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата , содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на проектен опфат на КП 2885/1 и други КО Дабиле , согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, Општина Струмица** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Како населено место кое е оддалечено од градот Струмица , потребно е да се планираат јавни намени кои ќе ги надополнуваат основните намени во селото. Планираната сообраќајна мрежа да се усогласи со позитивната законска и подзаконска регулатива. При изработка на сообраќајното решение да се почитува состојбата на терен, со постојната улична мрежа и катастарска парцелација. Површината на планскиот опфат да се подели на помали единици на градежно земјиште – блокови. Блоковите треба да претставуваат логични целини и границите на блоковите треба да се совпаѓаат со оски на улици и граници на наменски зони. Со тоа се создаваат услови за урбанизација, развој и напредок на населените места.

4. Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо . Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух , влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води , влијанието врз почвата , влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи . Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението преку вработување и економска благосостојба .

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб странат

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Костадин Костадинов**